


# СОРАБОТНИК ЗА МРЕЖА НА УРЕДИ ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ПЛАТЕЖНИ КАРТИЧКИ

**Локација:** Скопје

**Сектор:** Служба за картично работење

**Работно време:** Полно работно време

**Оддел:** Дигитални Канали и Картички

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици, имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

**обезбедена обука за работа**

**континуирана обука и можност за кариерен развој**

**приватно здравствено осигурување**

**конкурентна плата и надоместоци**

**мотивирачка организациска култура**

**активности за добросостојбата на вработените**

## Што ќе биде твојата улога

Планирање, управување и контрола  на опслужувачките уреди (АТМ, ПОС, Е-Commerce) вклучувајќи барање за набавка, инсталација, одржување и воведување на истите во системот на банката и процесинг центарот;

Комуникација со деловните партнери задолжени за оддржување на АТМ и ПОС уредите (контакт, СЛА, следење на испорака/квалитет на услуги, итн.);

Процесирање и порамнување со картичните шеми (VISA и Mastercard) на трансакциите со платежни картички направени на уредите на банката;

Идентификување и анализа на поврзаните процеси и процедури со цел оптимизација преку идентификување на неопходните промени;

Доставување на регуларни извештаи во однос на активностите на Службата за дигитални канали (KRI, KPI, статистика, итн.)

Следење и имплементација на регулативите од VISA и Mastercard во делот на АТМ, ПОС, Е-Commerce;

Креирање и воведување на нови производи и услуги за прифаќање на картички во портфолиото на банката.

## Кои квалификации се потребни

ВСС;

Работно искуство во банка на иста или слична работна позиција ќе се смета за предност;

Одлично познавање на англиски јазик (конверзација, разбирање, пишување);

Стручно ниво на употреба на office софтверски алатки;

Познавање на управување и манипулација со податоци;

Организациски вештини;

Комуникациски вештини;

Самоиницијативност;

Аналитичко размислување;

Вештина за решавање на проблеми;

Способност за планирање и одлучување;

Способност за препознавање на приоритети и ризици во работењето;

Тимска работа;

Способност за работа под притисок.

## Кои ќе бидат твоите придобивки

Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse

Приватно здравствено осигурување

Конкурентна плата и дополнителни надоместоци

Можност за работа од далечина

Мотивирачка организациска култура во која се почитува иницијативноста, анагажманот, но и тимскот дух

Настани и активности за добросостојбата на вработените (employee’s wellbeing)

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивационо писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **25.09.2024** година со назнака **„Апликација за СОРАБОТНИК ЗА МРЕЖА НА УРЕДИ ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ПЛАТЕЖНИ КАРТИЧКИ “**.

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

Те очекуваме!

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА! #верувајвоиднината #кариераБезБариера**